Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), Законот за угостителската дејност ("Службен весник на РМ" бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и "Службен весник на РСМ" бр.31/20), Правилникот за начинот и поблиските критериуми за добивање ознака во селско домаќинство во руралните средини, како и формата и содржината на образецот на ознаката ("Службен весник на РМ" бр.169/14), Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност ("Службен весник на РМ" бр.16/06, 87/12 и 41/13), Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22) и Правилник за адаптација на автентични куќи со мали капацитети на сместување и угостителски услуги во селски домаќинства на семејна фарма, на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.08/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за финансиска поддршка за адаптација на автентични куќи со мали капацитети на сместување и угостителски услуги во селски домаќинства на семејна фарма, на подрачјето на Општина Гази Баба

1. **Предмет на јавниот повик:**
   - Користење на финансиските средства утврдени во Буџетот на Општина Гази Баба, со намена за надоместување на дел од трошоците направени за адаптација на автентични куќи со мали капацитети на сместување и угостителски услуги во селски домаќинства на семејна фарма, на подрачјето на Општина Гази Баба.
   - Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, Програма за локален економски развој, во износ од 500.000,00 денари.
   - Финансиските средства, ќе се користат за делумен надомест на средствата на селските домаќинства, искористени за адаптација на автентични куќи со мали капацитети на сместување и угостителски услуги во селски домаќинства на семејна фарма, во износ од 50% од вредноста, но не повеќе од 250.000 денари.
2. **Право на учество на јавниот повик имаат**:
   - Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба согласно овој Правилник имаат рурални домаќинства со ознака на селски домаќинства согласно Правилник за начинот и поблиските критериуми за добивање ознака во селско домаќинство во руралните средини, како и формата и содржината на образецот на ознаката (Службен весник на РМ, бр. 169 од 18.11.2014 година), на подрачјето на Општина Гази Баба, кои ги исполнуваат условите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација.
3. **Критериуми и услови за учество:**
   - Објектот предмет за адаптација да биде постар од 10 години;
   - Објектот да е со адреса на територијата на Општина Гази Баба;
   - Решение за категоризација на објектот;
   - Изјава за кофинансирање заверена на нотар;
   - Имотен лист не постар од два месеци со кој се докажува сопственоста на објектот.
   - Комисијата ќе работи согласно принципот **„прв дојден прв услужен“;**

4. **Потребна документација за пријавување за реконструкција на кров на станбена зграда:**
   - Пополнета апликација - Образец, потпишана од сопственикот на селското домаќинство;
   - Решение од тековна Состојба од Централен Регистар на РС Македонија не постара од два месеци од објавата на јавниот повик;
   - Решение за категоризација на објектот од Град Скопје согласно Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 4 - Категоризација на куќи, станови и соби за издавање, и Прилог 5 – Категоризација на ресторани;
   - Решение за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од општина Гази Баба согласно Законот за угостителската дејност;
   - Ознака за селско домаќинство (доколку го поседува) согласно Правилник за начинот и поблиските критериуми за добивање ознака во селско домаќинство во руралните средини, како и формата и содржината на образецот на ознаката;
   - Изјава за старост на објектот предмет на адаптација, заверена од страна на нотар;
   - Изјава за кофинансирање со сопствени средства за адаптација на објектот од страна на сопственикот на објектот, заверена на нотар;
   - Имотен лист не постар од 2 месеци на сопственикот на селското домаќинство за просторот предмет на адаптација;
   - Проектна документација за адаптација (доколку е изработена при аплицирање). Доколку не е изработена, да се достави најдоцна до крајниот рок за аплицирање;

- Решение за адаптација добиено од секторот за урбанизам на Општина Гази Баба;
- Понуди од три економски оператори за адаптација на просторот (доколку се има проектна документација при аплицирање). Доколку се нема, да се достави најдоцна до крајниот рок за аплицирање;
- Копија од жиро сметката или трансакциска сметка на сопственикот на селското домаќинство на семејна фарма;
- Изјава заверена на нотар од подносителот на барањето дека нема користено финансиски средства за било која намена од Буџетот на Општина Гази Баба во периодот пред објава на јавниот повик;

**5. Рок и начин на доставување на пријавите:**

Апликацијата со другите пропратни документи (Правилник, Јавен Повик, Апликација, Изјава) за проектот „Финансиска поддршка за адаптација на автентични куќи со мали капацитети на сместување и угостителски услуги во селски домаќинства на семејна фарма, на подрачјето на Општина Гази Баба “ може да се подигне во Архивата на Општина Гази Баба или на официјалната веб страница на Општина Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk);

**Јавниот повик ќе трае до 15 Октомври, 2023 година, односно до реализирање на финансиските средства предвидени во Буџетот на општина Гази Баба за 2023 година.**

Пријавите треба да се доставуват преку пошта до адреса „Архимедова“ бр. 2, или директно во Архивата на општина Гази Баба најдоцна до 15 10.2023 година, **односно до 15 часот на последниот ден од Јавниот Повик,** со назнака**:**

**„Јавен повик за финансиска поддршка за адаптација на автентични куќи со мали капацитети на сместување и угостителски услуги во селски домаќинства на семејна фарма, на подрачјето на Општина Гази Баба “.**

Пријавите се доставуваат во затворен и запечатен коверт, со означување на субјектот кој ја поднесува пријавата.

Неуредните апликации/пријави кои не се доставени на начин како што се бара во јавниот повик, односно кои содржат нецелосни податоци и некомплетна документација, како и оние кои нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да се разгледуваат.

Подетални информации, заинтересираните можат да добијат на e-mail адресата: contact@gazibaba.gov.mk , или директно во секторот за локален економски развој и европски интегграции.